***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

# ***КОДЕКС ЗА ДЕЛОВНА ЕТИКА И ОДНЕСУВАЊЕ***

**Скопје, Декември, 2006 година**

Врз основа на член 17 од Законот за државната ревизија (“Службен весник на РМ“ број 65/97, 55/97, 70/2001, 31/2003, 19/2004 и 70/2006) и член 23 став 1 алинеја 15 од Правилникот за организација и работа на Државниот завод за ревизија, главниот државен ревизор , донесува

# КОДЕКС ЗА ДЕЛОВНА ЕТИКА И ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со Кодексот за деловна етика и однесување на вработените во Државниот завод за ревизија, недвосмислено и јасно се изразуваат вредностите и принципите кои што треба да ги водат вработените во нивната секојдневна работа.

Независноста и одговорноста што им е делегирана на вработените во Државниот завод за ревизија, поставуваат високи етички критериуми кои вработените треба да ги исполнуваат.

Кодексот на деловна етика и однесување е заснован на општоприфатените кодифицирани вредности и принципи на ревизорската професија содржани во Лима декларацијата на водечките упатства за принципите во ревизијата и Кодексот на етика на ИНТОСАИ[1] како надополнување и зајакнување на ревизорските стандарди на ИНТОСАИ издадени од страна на Комитетот за ревизорски стандарди на ИНТОСАИ.

Вработените во Државниот завод за ревизија имаат обврска да се придржуваат кон одредбите на овој кодекс.

## ПРАВНИ ОСНОВИ НА ФУНКЦИЈАТА НА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

Надлежностите на државната ревизија, нејзината организираност и начинот и постапките за вршење на државната ревизија се утврдени со ревизорските стандарди на ИНТОСАИ и правилата утврдени со Кодексот на етика на ИНТОСАИ, Законот за државната ревизија и подзаконските акти.

Вработените своите работни задачи ги извршуваат во согласност со закон и истите подлежат на редовните правни постапки и санкции.

Вработените подлежат на законодавството кое важи за сите граѓани во Република Македонија.

## СОРАБОТКА СО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

Во процесот на извршувањето на своите надлежности, Државниот завод за ревизија воспоставува функционална соработка со надлежните органи од областа на законодавната, извршната и судската власт.

При извршувањето на работните обврски, вработените во целиот тек на работниот процес соработуваат со субјектите предмет на ревизијата.

[1] Кодексот на етика на ИНТОСАИ е наменет за секој индивидуален ревизор, за главниот ревизор на ВРИ, за извршителите и сите оние кои работат за или во името на ВРИ и се ангажирани во ревизорската работа.

Со остварувањето на соработката треба да се оневозможат, отстранат или ограничат можностите за злоупотреба на службената или одговорната положба на носителите на јавни функции, службените лица и одговорните лица во субјектите кои располагаат со државни средства.

Начинот на работење треба да обезбеди функционален систем на комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни правни субјекти и информирање на јавноста за работењето на Државниот завод за ревизија.

Во рамките на соработката со надлежните институции, вработените се должни да ги почитуваат Уставот на РМ, легислативата на РМ, ревизорските стандарди на ИНТОСАИ и Кодексот на етика на ИНТОСАИ.

Вработените развиваат висок степен на професионализам согласно принципите на граѓанското општество.

**ПРИНЦИПИ НА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА**

Со цел да се афирмира функцијата на државната ревизија, на Државниот завод за ревизија како Врховна ревизорска институција во РМ и на ревизорската професија, вработените имаат обврска да се раководат од принципите и начелата утврдени со овој Кодекс.

Вработените континуирано треба да се стремат кон стекнување, изградба и достигнување на особините:

- карактерност,
- комуникативност,
- конструктивност,
- кооперативност,
- креативност,
- културност и
- куражност,

како карактеристики за идеалниот член на Државниот завод за ревизија како Врховна ревизорска институција во Република Македонија.

**НЕЗАВИСНОСТ**

Независноста како стратешка определба на Државниот завод за ревизија е стремеж за обезбедување на целосна независност од законодавната и извршната власт и обезбедување доволно средства како услов за ефикасно остварување на овластувањата на Државниот завод за ревизија.

Вработените треба да се однесуваат на начин кој континуирано им ја одржува независноста како еден од атрибутите во односите со субјектот предмет на ревизија и со другите надворешни заинтересирани групи.

При градењето на овој принцип, вработениот треба:

- да ги извршува своите задачи непристрасно,
- да се воздржува од дејствија и активности кои би го довеле во ситуација да дава и потпишува изјава во функција на туѓ интерес и со тоа да ја дескридитира својата независност при вршењето ревизијата,
- да ја чува и штити својата независност од политички влијанија,

- да ги одбива подароците и услугите кои би можеле да имаат влијание или да бидат протолкувани на штета на ревизорската независност,
- да се компетентни за давање мислења засновани исклучиво на докази кои што се обезбедени и оформени согласно ревизорските стандарди на ИНТОСАИ,
- континуирано да се придржуваат и да ја надградуваат својата независност како во однос на градењето на односи со субјектот предмет на ревизијата така и во однос на надлежните субјекти.

**ДОВЕРЛИВОСТ**

Доверливоста како стратешка определба на Државниот завод за ревизија е стремеж податоците и сознанијата стекнати во текот на ревизијата, вработените да ги чуваат како деловна тајна и да оневозможат нивно неовластено презентирање на други лица.

Вработените со своето однесување и пристап кон работата, ја промовираат доверливоста како основа за креирање на кредибилитет на резултатот од ревизорската активност, кој треба да го издржи тестот и проверката на законодавната и извршната власт и оценката на јавноста и субјектите на ревизија.

За изградба на овој принцип, вработениот треба:

- работата да ја извршува чесно, со задоволство и со одговорност,
- во согласност со законската регулатива и другите обврзувачки акти,
- со избегнување на било какви нелегални или други неетички активности кои би ја дескридитирале ревизорската професија, водејки сметка личниот и интегритетот на Државниот завод за ревизија да не биде компромитиран.

**ОБЈЕКТИВНОСТ**

Објективноста како стратешка определба на Државниот завод за ревизија е стремеж за извршување на работата на начин со кој ќе се обезбеди објективно просудување, интелектуално чесно, ослободено од неусогласеност на интересите и давање мислења исклучиво засновани на докази кои се обезбедени и оформени согласно ревизорските стандарди на ИНТОСАИ.

Вработените имаат обврска да покажат највисоко ниво на професионална објективност при собирањето, оценувањето и дистрибуирањето на информациите во истражувачките активности и процеси, имајки ја во предвид заштитата на јавниот интерес.

За изградба на овој принцип, вработениот треба:

- да обезбеди објективна проценка на сите релевантни околности и процеси со цел да се обезбеди ревизорско мислење засновано исклучиво на ревизорски докази, постапки и методологија и елиминирање на можноста за субјективно оценување или влијание на други интереси,
- избегнување на учество во активности или односи со кои би се довеле во прашање способноста за професионално просудување или би предизвикале конфликт на интереси.

**КОМПЕТЕНТНОСТ**

Компетентноста како стратешка определба на Државниот завод за ревизија е стремеж за поседување знаење, искуства и авторитет при изразување ревизорско мислење, заклучоци и препораки, континуирано следење на новините од областа на државната ревизија, примена на најнови и врвни ревизорски техники и помагала и постојана надградба и унапредување на ревизорските вештини.

Вработените треба да поседуваат знаења, искуства и авторитет при изразувањето на ревизорското мислење, да ги користат своето знаење, вештини и способности како и практичното искуство исклучиво за извршување на ревизорски активности, со што се обезбедува и зачувување на интегритетот, независноста, тајноста и деловноста на лицата.

За изградба на овој принцип, вработениот треба:

- да ги извршува активностите само во оној обем за кој вработениот поседува знаење, вештини, способности и искуство, со примена на ревизорските активности во хармонија со одредбите на ИНТОСАИ ревизорските стандарди и методолошките документи кои се применуваат во РМ,
- постојано да се едуцира со цел стекнување на квалитетите и достигнување на особините карактеристични за идеалниот член на Државниот завод за ревизија
- работите да ги иврршува рационално со трошење на минимални финансиски средства, со што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно искористување на ревизорскиот фонд на часови.

**ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ ОДНОСИ**

Етичкото однесување и градењето односи како стратешка определба на Државниот завод за ревизија е стремеж за континуирано практикување на колегијална, сестрана, конструктивна и креативна соработка во работната средина и почитување на секој поединец вклучен во процесот на ревизија.

Вработените треба да се однесуваат во согласност со општо прифатените принципи на морално и етичко однесување.

За изградба на овој принцип, вработениот треба:

- да делува во согласност со легимитетот и законскиот интерес на субјектот предмет на ревизија,
- соработката да ја остварува коректно и конструктивно,
- во практикувањето на тимската работа континуирано да гради колегијални и сестрани односи со другите членови на тимот,
- да се однесува фер и коректно кон своите колеги,
- да ги чува и негува добрите односи со своите колеги во рамките на ревизорската професија,
- да дава поддршка во извршувањето на ревизорската работа со цел јакнење на чувството на одговорност, совесност, професионалност и колегијалност.

**КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ**

Вработените промовираат јасно изразена свест и волја за фактот што нивниот личен интерес и амбиции не смеат да претставуваат пречка во

напорите за достигнување на ревизорската цел и на правилната оценка на активностите и настаните кај субјектот предмет на ревизија.

Во текот на ревизорските постапки, основна цел е ревизорските препораки да бидат исклучиво во функција на корекција на наодите при најдените незаконитости или нерегуларности, да не влијае на начинот на спроведување на препораките кое право му припага на субјектот предмет на ревизија и да не се става во улога на консултант или советодавец или да нуди начини и решенија на кој начин субјектот да ги спроведе дадените мерки и препораки по извршената ревизија и формираното мислење.

За изградба на овој принцип, вработениот треба:

- да ги избегнува ситуациите кои би можеле да предизвикаат конфликт на интереси со одбивање на подароци и услуги кои му се нудат или ветуваат,
- да не воспоставува односи со раководниот кадар, вработените или трети лица кои имаат интерес и кои би можеле негативно да влијаат на независноста, интегритетот и професионалноста,
- својот статус да не го употребува за приватни цели и интереси,
- безусловно да ги избегнува сите релации со кои себеси се доведува во коруптивен ризик или соучество во вршење на противправни дејствија кои со законите на РМ се определени како прекршок или кривично дело.

**ОЦЕНКА ЗА ОДГОВОРНОСТ**

Вработените во Државниот завод за ревизија сносат целосна морална, кривична и материјална одговорност за примената на одредбите на овој Кодекс.

Непридржувањето кон истите ќе се смета за повреда на работните обврски која ќе биде санкционирана согласно Законот за државна ревизија, Законот за работните односи, Законот за прекршоците, Кривичниот законик на РМ, Законот за спречување на корупцијата и други прописи со кои се регулирани овие односи.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Овој Кодекс влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од 01.12. 2006 година.

Примерок од Кодексот се доставува до секој вработен во Државниот завод за ревизија.

**Број 0101-808/1** **Главен државен ревизор**

**Скопје, 08.11.2006 година** **Д-р Драгољуб Арсовски**